ФЗОМ
ФОНД ЗА ЗДРАВСТВЕНО
ОСИГУРУВАЊЕ НА МАКЕДОНИЈА
www.fzo.org.mk

Адреса: Македонија 6б, 1000 Скопје
Тел.: 02 3289 000
Централа.: 02 3289 000
Факс: 02 3289 048
Е-пошта: info@fzo.org.mk

Од: ФОНД ЗА ЗДРАВСТВЕНО ОСИГУРУВАЊЕ НА МАКЕДОНИЈА
До: ЈАВНОСТА
Дата: 20.01.2011

# СООПШТЕНИЕ ДО ЈАВНОСТА

## ИНФОРМАЦИЈА ЗА РАБОТАТА НА ФЗОМ ВО 2010 ГОДИНА

Фондот за здравствено осигурување на Македонија (ФЗОМ) ја информира јавноста за следново:

Годината што измина, стручните тимови на Фондот за здравствено осигурување напорно работеа на унапредување на здравствениот систем, се со цел да создадат што подобри услови за остварување на правата на нашите осигуреници. Новите системски решенија ги носевме врз основа на темелни анализи, странски искуства и во соработка со здруженијата на пациенти, коморите и се разбира, со здравствените установи на примарно, секундарно и терцијарно ниво, како даватели на услуги на нашите осигуреници. Меѓу бројните активности што ги реализиравме, во 2010 година успеавме да донесеме нови референтни цени на лековите со што наместо дотогашните 77 , обезбедивме 240 лекови без доплата. Ја олеснивме постапката за остварување на правото на надомест за време на боледување и породилно отсуство. Овозможивме и подобри услови за лекување на бубрежно болните пациенти склучувајќи договор со приватниот центар за дијализа „Диамед"со што е решена деценискaта агонија на скопските пациенти на дијализа кои поради дефицит на место беа принудени да патуваат за дијализа во други градови.

Склучивме нови договори со што на нашите осигуреници им го проширивме дијапазонот на здравствени установи каде што можат да се лекуваат на товар на Фондот. Она што е од особена важност, склучивме договор со уште една здравствена установа за изведување на кардиохируршки интервенции по дсг методологија, а донесовме и нов Правилник за ин-витро со што им овозможивме на нашите осигуренички на најправеден можен начин да го остварат правото на ин-витро фертилизација. Го усвоивме и Правилникот за електронска здравствена картичка како и воведовме терцијарност во купувањето на здравствени услуги.

Контролата на ФЗОМ изврши 9977 контроли на ПЗУ и ЈЗУ од кои 7456 контроли на превентивните цели од ПЗЗ како и 2521 контроли на ПЗУ и ЈЗУ по претставки на осигуреници, договорни обврски и боледувања и за откриените неправилности се

ФЗОМ
ФОНД ЗА ЗДРАВСТВЕНО ОСИГУРУВАЊЕ НА МАКЕДОНИЈА
www.fzo.org.mk

Адреса: Македонија 6б, 1000 Скопје
Тел.: 02 3289 000
Централа.: 02 3289 000
Факс: 02 3289 048
Е-пошта: info@fzo.org.mk

санкционирани 194 здравствени установи со парична договорна казна и 33 еднострано раскинати договори.

Горди сме на фактот што за период од 12 месеци успеавме да донесеме и измениме 157 одлуки и акти на ФЗОМ, 40 правилници и 35 интерни акти за вработените.

Она што, исто така, е од огромно значење за нас е што годинава што измина за прв пат во нашата држава се одржа Регионален форум на фондовите за здравство за чија организација добивме највисоки оценки од учесниците на овој стручен собир и од јавноста.

Резултатите што ги постигнавме во 2010 година, а што Ви ги претставуваме хронолошки во првиот број на инфо-билтенот за оваа година, за нас претставуваат поттик со уште поголем елан да работиме и понатаму и уште повеќе да им го олесниме патот до остварување на правата на нашите осигуреници.

Фонд за здравстевено осигурување на Македонија